Република Македонија

СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ул. "Вељко Влаховиќ " бб, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Судскиот совет на Република Македонија врз основа на член 44 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија (Службен весник на РМ бр.60/2006, 150/2010,100/2011, 20/2015 и 61/2015), објавува

# ОГЛАС

- За избор на претседател на Апелационен суд Гостивар;
- За избор на претседател на Основен суд Кратово и
- За избор на претседател на Основен суд Виница.

Кандидатите за избор на претседател треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 45 и член 47 од Законот за судовите („Сл. весник на РМ" бр.58/2006) в.в. со член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл. весник на РМ" бр.150/2010).

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација да ги достават до Судскиот совет на Република Македонија, ул„Вељко Влаховиќ" б.б., во рок од 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ". Образецот за пријава може да се подигне во електронска форма на WEB страната на Судскиот совет на Република Македонија на следната адреса: prijava.doc.

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Кандидатите кои ги исполнуваат условите полагаат психолошки тест и тест за интегритет согласно член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл. весник на РМ" бр.150/2010). По однос на термините за полагање на тестовите, кандидатите ќе бидат дополнително известени од страна на Судскиот совет на РМ.

Трошоците за полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет паѓаат на товар на кандидатите.

Бр.08-1044/1
31.05.2016 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Зоран Караџовски**